Република Северна Македонија
**Министерство за економија**
Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**
Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

**Архивски број:** 14-2263/2
Скопје, 20 -05- 2021 2021 година

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани

На ден 04.05.2021 година во архивата на Министерството за економија пристигна Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш број 14-2263/1 во кое се бараат следните информации од јавен карактер:

1.Дали троската од депонијата на Железара (Макстил) се користеше/користи како техногена минерална суровина?

2. Дали некој се јави на Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Железара", општина Гази Баба бр.2/2016? Дали е склучен договор и со кого?

3. Зошто на 20.2.2018 Владата носи Одлука за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Железара", Општина Гази Баба од 6.10.2015 година?

4. Кои се плановите за отстранување на троската од Железара?

5. Копија од договорот за експлоатација на АЈМА МАДЕНЏИЛИК ДОО Скопје, за експлоатација на антимон во Лојане, о. Липково, договор број 24-2307/1 од 3/16/16.

6. Дали договорот за експлоатација на антимон во Лојане, о. Липково, на АЈМА МАДЕНЏИЛИК ДОО Скопје е раскинат и зошто? Дали добиле дозвола за експлоатација? Достава на дозволата, ако ја има.

7. Копија од договорот и дозволата за експлоатација на КАЛТУН МАДДЕНЏИЛИК ДОО Скопје, за експлоатација на техногени минерални суровини во Лојане, о. Липково, договор број 24-

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за економија** | **Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

Постапувајќи по Вашето Барање на информации од јавен карактер, а во врска со постапките за доделување на концесии за експлоатација на техногени минерални суровини, Ве информираме за следното:

1. Троската од депонијата на Железара (Макстил) не се користи како техногена минерална суровина.

2. На Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на техногена минерална суровина на локалитетот „Железара", општина Гази Баба бр.2/2016 се јавија две компании. Договор за концесија не е склучен, бидејќи Владата како концедент одлучи да не ја продолжи постапката по Јавниот повик.

3. Владата донесе Одлука за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на техногена минерална суровина на локалитетот „Железара", општина Гази Баба заради надминување на роковите за спроведување на Јавниот повик.

4. По Информација на Министерството за животна средина и просторно планирање, доставена до Владата, отпадот во Железара ќе се третира како т.н.„жешка точка" и ќе продолжи да се решава во рамките на ова министерство.

5. Во прилог Ви доставуваме копија од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-антимон на локалитетот „Лојане", општина Липково бр.24-2307/1 од 16.03.2016 година.

6. Договорот не е раскинат, а постапката за дозвола за експлоатација сеуште се разгледува.

7. Во прилог Ви доставуваме копија од Договорот за концесија за експлоатација на техногена минерална суровина на локалитетот „Лојане", општина Липково бр.24-3571/4 од 25.8.2014 година и Дозволата за експлоатација бр.24-1098/1 од 6.2.2018 година.

8. Согласно членот 66 од Законот за минерални суровини концесионерот при изведување на рударските работи за експлоатација на минерални суровини е должен:

- да ги изведува рударските работи согласно со дозволата за експлоатација и дозволата за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект, стандардите и техничките нормативи кои важат за изведување на тие работи;
- да врши рударски мерења и да поседува рударски планови за вршење експлоатација на минералните суровини;
- да ги спроведува мерките за заштита при работа;
- навремено да презема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти;

3571/4 од 8/25/14, дозвола број 24-1098/1 од 2/6/18.

8. Дали договорот со КАЛТУН МАДДЕНЏИЛИК ДОО Скопје вклучува и отстранување и чистење на

- трите стари и незаштитени рударски депонии, секоја со 20,000 до 50,000 тони отпадна руда,
- 5,000 тони од руда со високи концентрации на антимон, хром, арсен, оставен над една од депониите,
- 450.000 тони јаловина која содржи арсен и антимон, на површина од 17,500 м2, во близина на патот кој ги поврзува селата Ваксинце и Лојане,
- 15.000 тони висок степен на концентрат, со над 50% на арсен сулфид измешан со антимон сулфид, со волумен од 5.000 м3 кој се наоѓа кај локалното училиште,
- 5.000 тони концентрат на арсен сулфид оставен на отворено, незаштитен и околу 2,500 распаднати буриња полни со арсен оксид и други непознати супстанции, во близина на железничката станица во Табановце, каде се лоцирани царината и полицијата,
- контаминираниот појас по кој се носел концентратот од флотирачкиот дел до топилницата и по пат испаѓал концентратот. Порано на тоа место имало тесна железничка пруга која е распад и тој дел е претворен во земјоделско земјиште.

9. Како оди процесот на експлоатација на техногени минерални суровини во Лојане од КАЛ МАДДЕНЏИЛИК ДОО Скопје и дали е предвидено да заврши до рокот на траење на догово 25.08.2024?

- да спроведува, на своја сметка, мерки за заштита на животната средина и природата и културното наследство, како и мерки за рекултивација на земјиштето согласно со закон;
- да води евиденција на произведените количини на минерални суровини во пишана форма;
- пред почетокот на експлоатација концесионерот е должен да поседува доказ за мерење на експлоатираната и продадена количина на минерална суровина и
- да управува со отпадот на минералните суровини согласно планот за управување со отпад.

9. Концесионерот рударските работи треба да го врши по динамиката утврдена со Главниот рударски проект врз основа на кој е издадена Дозволата за експлоатација.

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
*Скопје-Shkup*

Изработил/Përpiloi:Бранкица Ѓорѓиев, Brankica Gjorgjiev
Одобрил/ Aprovoi:Александра Спасевсска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Miratoi: Razmena Cekic-Durovic, Размена Чекиќ-Дуровиќ